СОВЕТ НА ОПШТИНАТА БИТОЛА
Бр. 09-168/1
29.11.2018 год.
Б и т о л а

Врз основа на член 26 став 2 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05 и 17/08) и член 56 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.15/05), ја

С В И К У В А М

25-та седница на Советот на Општината Битола за 05.12.2018 година (среда) со почеток во 10,оо часот.

Седницата ќе се одржи во салата за седници на Советот на Општината, со предлог на следниот

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Одлука за пренамена на средства во Буџетот на Општина Битола за 2018 г.
2. Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на Министерство за правда-Управа за извршување на санкциите-КПУ Затвор Битола.
3. Одлука за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата на РМ од страна на Општината Битола за потребите на СОУ „Таки Даскало“ Битола.
4. Одлука за прифаќање на трајно користење без надоместок на движни ствари на Владата на РМ од страна на Општина Битола за потребите на ОУ „Коле Канински“ Битола.
5. Измена на Годишен план за вработување за 2018 година во Општина Битола.
6. Одлука за кофинансирање на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ Битола за давање на услуги од регионално значење“ – набавка на противпожарно возило за потребите на ТППЕ Битола.
7. Одлука за утврдување на приоритет на проектот „Павиљони за продажба во партер на управна зграда на ЈП „Пазари“ во Битола“
8. Одлука за утврдување на приоритет на проектот „Промена на фасадна столарија согласно извештај од спроведена општа енергетска контрола на дирекцијата на ЈП „Пазари“ во Битола“
9. Одлука за утврдување на приоритет на проектот „ПРОЕКТ за ОДРЖУВАЊЕ за објект Тоалети во ПАЗАРОТ – Општина Битола.
10. Одлука за примање на донација во вид на услуга-изградба на полигон за почетно оспособување и полагање на кандидати за возаќи на подрачјето на Општина Битола дадена од страна на Друштво за услуги Сообраќаен испитен центар АМ ДООЕЛ Битола
11. Решение за давање согласност на Одлуката за измени и дополнување на Статутот на КЈП „Нискоградба“ Битола (бр. 01-211/1 од 23.03.2018 година) бр. 02-942/4 од 04.12.2018 година.

12. Заклучок со кој се бара од Владата на Република Македонија на првата наредна седница да донесе Одлука за субвенционирање на цената на струјата за граѓаните на Општина Битола.

13. Заклучок за имплементирање и интензивирање на краткорочни мерки кои произлегуваат од ЛЕАП, а кои се однесуваат на загадување на амбиенталниот воздух.

Молам за присуство на седницата, а за евентуална спреченост јавете се на телефон 234-234.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски